**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд Скопје**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.66**

**И.бр.2495/19**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител ПроКредит Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066, ЕМБС 5774136 и седиште на ул.Манапо број 7, засновано на извршната исправа Нотарски акт- Договор за обезбедување на парично побарување со воспоставување на заложно право- Хипотека од прв ред над недвижност станови со својсвто на извршна исправа ОДУ број 614/2012 од 08.11.2012 год. на Нотар Насер Зибери од Скопје, Нотарски акт- Договор за обезбедување на парично побарување со воспоставување на заложно право- Хипотека од прв и втор ред над недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ бр.818/2013 од 16.12.2013 год. на Нотар Насер Зибери од Скопје, Нотарски акт- Договор за обезбедување на парично побарување со воспоставување на заложно право- Хипотека од прв и втор ред над недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ бр.663/2015 од 18.11.2015 год. на Нотар Насер Зибери од Скопје и Решение I СТ-193/19 од 10.07.2020 год. на Основниот Граѓански суд Скопје против должникот/заложен должник Друштво за производство услуги и трговија на големо и мало ПРИНЦЕ ЕНТЕРПРАЈС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје- во стечај со ЕДБ 4030003472435 и седиште на ул.Ферид Мурати бр.30, Чаир (Друштво за производство услуги и трговија на големо и мало ПРИНЦЕ ЕНТЕРПРАЈС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003472435 и седиште на ул.Ферид Мурати бр.30, Чаир по барање за извршување и извршна исправа) и заложниот должник Самет Абдулаи од Скопје со живеалиште на ул.Дижонска 9 бр.9, за спроведување на извршување, на ден 12.10.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижностите означени како:

- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 1, кат 1, бр.3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 8 м2;
- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 1, кат 1, бр.3, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина од 77 м2;

сопственост на заложниот должник Самет Абдулаи од Скопје со живеалиште на ул.Дижонска 9 бр.9, запишана во имотен лист 94923 за КО Чаир, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, со почетна цена за второто усно јавно наддавање во износ од 40.100,00 ЕУР во денарска противвреднст по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата.

- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од

стариот ел. систем А2, влез 2, кат ПТК, бр.34, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 8 м2;

- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 2, кат ПТК, бр.34, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина од 85 м2;

сопственост на заложниот должник Самет Абдулаи од Скопје со живеалиште на ул.Дижонска 9 бр.9, запишана во имотен лист 94923 за КО Чаир, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, со почетна цена за второто усно јавно наддавање во износ од 42.600,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата.

- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 1, кат ПТК, бр.34, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 8 м2;
- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 1, кат ПТК, бр.34, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина од 78 м2;

сопственост на заложниот должник Самет Абдулаи од Скопје со живеалиште на ул.Дижонска 9 бр.9, запишана во имотен лист 94923 за КО Чаир, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, со почетна цена за второто усно јавно наддавање во износ од 40.200,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата.

- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 3, кат ПТК, бр.36, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 5 м2;
- КП бр.1616/1, адреса (улица и куќен број на зграда) Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда/друг објект 2, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2, влез 3, кат ПТК, бр.36, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина од 76 м2;

сопственост на заложниот должник Самет Абдулаи од Скопје со живеалиште на ул.Дижонска 9 бр.9, запишана во имотен лист 94923 за КО Чаир, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, со почетна цена за второто усно јавно наддавање во износ од 37.800,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата.

Продажбата ќе се одржи на ден 02.11.2021 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска на адреса бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28-5/11 Скопје.

Почетната вредност на недвижностите е утврдена со заклучок на извршителот од 27.08.2021 година, а согласно чл.185 став 2 од ЗИ, намалена по предлог на доверителот, под која недвижностите не можат да се продадат на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налози за извршување и хипотека во корист на заложниот доверител ПроКредит Банка АД Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5032010500238.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

**Д.-на:** Заложен должник
Заложен доверител
Извршител Весна Деловска
Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
Извршител Методија Костадинов
Адвокатско друштво Бранко Кузмановски и партнери од Скопје
Град Скопје
МФ-УЈП - Регионална дирекција Скопје

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.